Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-5464/9
01.12.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-5464/9

01.12.2021.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 и 215/21), и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидатот по интерен оглас бр.4/2021 за унапредување на административен службеник во Министерството за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Зулејха Сефули** по пат на интерен оглас број 4/2021 објавен на **18.11.2021 година** (со ипсравка на 19.11.2021 година) се избира на работно место **УПР 01 01 В01 000 - Советник за подготовка на буџет, Одделение за буџетска координација, Сектор за финансиски прашања.** - 1 (еден) извршител**;**

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 4/2021 со бр.04-5464/8 од 29.11.2021 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски наш број 04-439/1 од 21.01.2021 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-5464/1 од 16.11.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 4/2021 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 18.11.2021 година (со иправка на 19.11.2021 година) на веб страната на Министерството за

животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број.04-5464/6 од 29.11.2021 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 4/2021 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-5464/7 од 29.11.2021 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-5464/8 од 29.11.2021 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 4/2021 со архивски бр. 04-5464/8 од 29.11.2021 година.

Врз оснона на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**КАЈА ШУКОВА**

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

***ПРАВНА ПОУКА:*** *Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*